**Белешка од работна група „Дигитално управување“**

**02.04.2026**

Ова беше прв состанок на оваа работна група кој се одржа во рамките на Конференцијата за отпочнување на процесот на ко-креирање на Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2026-2028 - НАП7, а врз основа на претходно изразениот интерес за учество од претставниците на невладините организации и на јавните институции. Состанокот беше посветен на разгледување на тековните состојби и предизвици во областа на дигиталното управување, со фокус на отворени податоци, интероперабилност, е-услуги и институционална координација.

На состанокот присуствуваа 9 учесници, а работата ја координираа Данче Даниловска-Бајдевска и Маријана Јанческа-Угарковиќ од Фондација Метаморфозис. Меѓу присутните, тројца беа претставници на невладини организации, 4 беа претставници на институции и 2 на меѓународна организација. Списокот на присутни е приложен како составен дел од оваа белешка.

**Отворени податоци**

- Потребно е да се дефинира насоката и именувањето на иницијативата за отворени податоци.
- Разгледана е идејата за формирање работна група за high-level open data needs.
- Инспекторатите треба да работат на отворање на податоците.
- Посочена е соработка со ЕБРД во делот на дигитализација на извештаи.
- Констатиран е недостаток на транспарентност.
- Потребна е усогласеност со новиот Закон за отворени податоци.
- МТД нема информации кога законот ќе биде донесен.

**Интероперабилност**

Отворено прашање дали платформата за интероперабилност влегува во критериумите за ПОВ.

**Обуки и јакнење на капацитети**

- Во соработка со УНДП е развиена нова платформа за обука на државни службеници. Во тест фаза е, моментално достапна само за Министерството за јавна администрација, а пристап имаат исклучиво државни и јавни службеници.
- Планирани 15 обуки, од кои 7 се веќе подготвени.
- Достапна е и обука за јавна статистика (на македонски и албански јазик).
- Опфатени се теми како антикорупција и други општи области.
- Спомната е и Академијата за стручно усовршување.
- УНДП обезбедува континуирана поддршка на институциите и процесите.

**Државна изборна комисија**

- Предлог ДИК да се вклучи во ПОВ.
- Потреба од: континуирана објава на изборни резултати (не само на денот на избори) и објавување во отворен формат.
- МТД да координира со ДИК за отворање на податоците од изборниот процес.

**Предизвици**

- Отворено прашање дали ФИМИ да се вклучи.

- Констатирани предизвици: често дуплирање на податоци, недостаток на јасна точка каде граѓаните можат да ги пронајдат податоците, потреба од унифицирана мрежа/централен портал.
- Институциите го перципираат објавувањето податоци како дополнителна обврска.
- Предлози:
    - Обврзувачки пристап или централизирано тело.
    - Дел од активностите да се планираат во буџетот на МТД, со подоцнежно преземање од страна на Владата.

**Инспекциски систем**

- Државниот управен инспекторат не функционира соодветно.
- Е-инспекторат не е функционален.

**Вклучување на нови институции**

- Постојат институции кои не го разбираат процесот – потребна е поддршка за нивно вклучување.

**Дезинформации и безбедност**

- Министерството за одбрана работи на стратегија за спречување на дезинформации и странско влијание.
- УНДП и ПОВ имаат потпишано меморандум за соработка: во тек е операционализација со Министерството за јавна администрација и се разгледуваат можности за локално ниво.
- „I Verify“ – алатка на УНДП за проверка на точноста на вестите.

**Е-услуги на локално ниво и пристапност**

- Е-услугите на локално ниво се развиваат надвор од јасна законска рамка.
- Потребно е унифицирање на општинските е-услуги.
- МТД развива нови веб-страници за општините:
    - Три темплејти (за институции, поголеми и помали општини).
    - Простор за дополнителни функционалности.
    - Развој со интерни ресурси.
    - Предлог: вклучување на училиштата како дел од општинските страници.
- Пристапот до е-услуги не е еднаков за сите категории граѓани.
- Потребно е усогласување со Законот за пристапност на веб-страници.

**Управување со податоци**

- Вкрстувањето на податоци покажува различни системи и стандарди за чување податоци.

- Потребно е унифицирање на начинот на чување податоци и централна база од која институциите ќе повлекуваат податоци.

Прилог: Список на присутни на состанокот на тематската група во областа „Дигитално управување", 02.04.2026 година, Клуб на пратеници, Скопје



ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

| Име и презиме | Инстит./Орган. | Mail | Тел: |
| --- | --- | --- | --- |
| Данче Даниловска | Метаморфозис | dance@metamorphosis.org.mk | 070 327 261 |
| Кристијан Китевски | МДТ | kristijan.kitevski@mdt.gov.mk | 078/283538 |
| ILMIASAN DAUTI | UNDP | ilmiasan.dauti@undp.org | 070534099 |
| Маја Хаџи-Кимова Трпкова | ДКСК | maja.hadzikimova@dksk.org.mk | 075/342236 |
| Блажен Малески | УНАП | blazhen.maleski.gov.mk | 075/408301 |
| Агрон Меџити | МЈА | agron.medziti@mioa.gov.mk | 071/272/800 |
| Ирена Бојаџиевска | ЦУП | irena.bojadzievska@cup.org.mk | |
| Билјана Стојкоска | АВРСМ | biljana.stojkoska@av.gov.mk | ~~070 409605~~ 078 200 043 |